ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 2020 Бр. 8/2016-1
01.12. 2016 год.
СКОПЈЕ

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**

**С К О П Ј Е**

**Врска: Ваш [redacted] од 22.03.2016 година**
**[redacted] од 24.03.2016 година**

**Предмет: Одговор на Ваше барање**

До Кривичниот оддел на Врховниот суд на Република Македонија на ден 22.03.2016 година доставивте писмено обраќање [redacted], со кое барате да се заземе став, правно мислење или заклучок заради воедначување на судска пракса на постапување при утврдување на надлежноста на овластениот Јавен обвинител по донесување на Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите („Службен весник на РМ“ бр.159 од 15.09.2015 година). Кон барањето доставени се прилози.

Кривичниот оддел на Врховниот суд на Република Македонија го разгледа Вашето барање со прилозите, како и дополнителните прилози кои ни ги доставивте по наше барање па го дава следниот одговор.

Одредбите од член 5 став 1 од Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите („Службен весник на РМ“ бр.159 од 15.09.2015 година), ја предвидуваат надлежноста на Јавниот обвинител кој раководи со ова Обвинителство како ограничена надлежност дефинирано во член 2 став1 од истиот закон. Во рамките на ваквата нормирана надлежност при постапувањето пред судот Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското седење на комуникациите, треба соодветно да се легитимира по однос на својата надлежност, а поврзано со конкретен кривично - правен настан. Следствено на ова, а во смисла на одредбите од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10), судот ја утврдува својата надлежност.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

екп
примио
09.12.2016

**Претседател на Оддел за казниви дела**

гм/

**Судија, Лидија Неделкова**